ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 21-5049/19
Датум: 10.07.2025 година
Скопје

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Карпош донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1.За извршител за работното место – УПР0101Г01000 – Самостоен референт, работно место: Администрирање на работите на урбаните и месните заедници, во Одделение за прашања од областа на месната самоуправа, во Секторот за поддршка на Градоначалникот се избира кандидатот **Серџан Исмаили**, со идентификациски код 0984BD9.
2.Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување и распоредување.
3.Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на Општина Карпош, на ден 28.05.2025 година Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 373/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници "Слободен печат", "Вечер" и "Коха" за вработување на административен службеник на работно место - УПР0101Г01000 - Самостоен референт, работно место: Администрирање на работите на урбаните и месните заедници, во Одделение за прашања од областа на месната самоуправа, во Секторот за поддршка на Градоначалникот.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.10-1155/4 од 17.06.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација формирана е Комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на ден 17.06.2025 година во 10:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција при што утврди дека на огласот се пријавиле 8 кандидати, од кои 5 уредни кандидати и 3 неуредни кандидати. Комисијата за селекција за

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

вработување по јавен оглас на ден 04.07.2025 година, во 13:00 часот спроведе испит за административен службеник, а на ден 07.07.2025 година во 13:15 часот спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју. Интервјуто за административен службеник се одржа со 2 уредни кандидати согласно Записник бр.10-1155/8 од 07.07.2025 година.

Согласно добиените бодови од административна селекција, испитот за административен службеник и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и достави Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по Јавен оглас број 369/2025, заведени под бр.10-1155/9 од 08.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил:Н.Таневски
Проверил:

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Весна Стефанова

**Доставено до:**
- Именуваната,
- Агенцијата за администрација,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; sekretar@karpos.gov.mk*